**Испорака на нарачан производ**

Нарачаните производи се испорачуваат со приложена испратница, фактура за извршеното плаќање или фискална сметка. Трошок за испорака зависи од соодветните тарифи на каргото. Купените производи се доставуваат до адресата што купувачот ја навел како адреса за испорака. Стоката ќе се пренесува преку карго. Динамиката на испорака ќе зависи од начинот на испорака што е избран од страна на купувачот. Трошоците за испорака на нарачката ќе бидат јасно претставени, издвоени и лесно видливи во однос на цената на производот.

**Враќање на купен производ**

Купувачот при прием на пратката треба да ја прегледа истата, да провери дали испорачаното одговара на нарачката и во присуство на нашиот доставувач да утврди дека производите се во добра состојба или пак, во истиот момент треба да се пожали доколку пратката е неисправна. Купувачот има право да побара враќање на производот кога: се испорачани производи кои не се нарачани, или кога се испорачани производи кои имат грешка или оштетувања што настанеле при транспортот или од производителот. Правото на купувачот да го врати производот што му е испорачан ќе се почитува доколку: производот не бил употребуван; сочувани се изгледот, употребните својства, пакувањето и фабричките етикети на производот, и при поднесување на барањето за замена односно враќање на производ се приложи фискална сметка или сметкопотврда и целокупната друга документација што на потрошувачот му била издадена заедно со производот. Производот што е неупотребуван, неотпакуван, може да се врати во рок од 5 дена, заедно со приложената фактура и истиот да се замени со соодветен нов.